## АКТУЕЛНО


Коцијанчич: Решението на кризите во Македонија и во Албанија е резултат на силна работа


И покрај ладното време лицата со посебни потреби не се откажаа од кампување


Иванов: Со Јордан постигнавме напредок во сферата на разузнавање и размена на информации



3,700.00 8.82 % OHB 4,680.95 2.90 % REPL 43,000.00 2.38 % RZLE 16.00 23.08 % RZUS 110.51 0.89 % STB 958.64 0.84 % STIL 90.00 3.71 % TKVS 2,505

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ

Tweet Follow @UtrinskiVesnik Ми се допаѓа 0

06.03.2009, 17:05

# „КИЧ, ДА!?“ И ГОДИНАВА ЌЕ ШЕТА НИЗ ГРАДОВИТЕ ВО ЗЕМЈАВА



**„Провинцијата секогаш генерирала значајни градители на македонската култура“, потсетува Ацо Станковски**

Катерина Богоева

Патувачкиот проектот „Кич, да!?“ / сте или не сте/, сочинет од изложби на ликовни дела од македонски и странски автори, презентирани во националните установи во Скопје, започнат лани, и годинава ќе се реализира низ девет града во земјава, со можност за вклучување на уште два, од источниот дел каде бројот на галериските простори се смета за многу помал. Во рамките на програмата на Министерството за култура, за реализација на проектот зад кој и овој пат стои Дирекцијата за култура и уметност од Скопје, се одвоени 250 илјади денари, 50 илјади повеќе од лани. Меѓу планираните градови освен Штип, Прилеп, Струмица, Велес, Битола, Тетово, Гостивар, Кавадарци и Куманово е најавено и презентирање на изложбите со потврдени вредности и во домовите на културата во Валандово и Крива Паланка.

Стартот на проектот е планиран за втората половина на март, а на публиката ќе и биде презентирана Британската колекција на Музејот на современата уметност во Скопје и три самостојни изложби на македонските автори Ацо Станковски, Олгица Димитровска и Славица Јанешлиева.

Според Ната Кацарска од Дирекцијата за култура и уметност, сеуште не е направен временски распоред за презентација во градовите, одбрани поради подобрата состојба за презентација во галериските простори, во однос на другите во Македонија. Како едно од позитивните искуства, таа ја издвои минатогодишната презентација на Германската колекција на МСУ, во новоадаптираната галерија при Домот на културата во Кавадарци, нагласувајќи дека за разлика од пред три години, условите во изложбените

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ДРАМА НА ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ ВО КАН: ОПАСНОСТ ОД БОМБА!
- ГОРЧЕСКА СЕ ПОДГОТОВУВА ЗА РОЛАН ГАРОС
- СЕАТ КОЧАН ОСТАНУВА ДА СЕ БРАНИ ОД СЛОБОДА
- ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЖАРНИКАРИТЕ
- СДСМ И БЕСА РАЗГОВАРЛЕ ЗА ПРИНЦИПИТЕ,А НЕ ЗА ПОДЕЛБА НА РЕСОРИТЕ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

простори во дел од наведените градови се значително подобрени.

Ликовниот уметник Ацо Станкоски е задоволен од понудената можност за презентација низ градовите во Македонија, но неговите размисли на тема култура и провинција, укажуваат дека постоечката состојба не ги остава рамнодушни авторите со потврдено реноме во земјава и во странство.

„Основен проблем на провинцијата е помодарството и комплексот на инфериорност, кој во меѓусебна интеракција ја самоизолираат и деградираат провинцијалната културна сцена. Ова може да се надмине со развивање на еден гравитациски однос кон одредените провинцијални места во државата. Таа гравитација врз културните текови во државава би почнала со организирање на жива и динамична културна институција, која би се грижела за собирање, презервирање, експонирање, пропагирање и осовременување на таквата културна сцена, во која ќе се проектираат културните амбиции и визии на жителите на провинцијата. Од друга страна, провинцијата секогаш генерирала значајни градители на македонската култура. Се сеќавам, на пример, како некој видни уметници од нашата историја на уметност (сега веќе класици) кои потекнуваа од некои градови во внатрешноста, и покрај својата огромна желба да им остават дел од својот опус на своите родни места, не беа во состојба тоа да го сторат, поради немање на соодветни културни институции кои би можеле достојно да ги опскрбат, презервираат и експонираат овие дела. Овој проблем е карактеристичен и за центарот – Скопје, што на едно друго (европско и светско) ниво, се воспоставува како депресивна и изолирана провинција.

Уметничкиот номадизам, кој во последните две децении (по распадот на социјалистичкиот културен модел) е во мода, на провинциската сцена и претстави многу уметнички визии, кои доаѓаа од „центарот“. Ова секако е многу важно за „отворање“ на провинцијалната културна сцена, но мислам дека е најважно културните работници од провинцијата да пронајдат мотиви за артикулирање и анимирање на сопствената локална култура. Што се однесува до нас, уметниците, ние сме биле и сме спремни секогаш да влеземе во содејство со оваа, навидум изолирана, но во суштина полна со културен и креативен потенцијал, сцена.

Многу претставувања се поставени во провинцијата. Некои провинцијални сцени во Македонија го сфатија овој момент, и почнаа да создаваат свои автентични и полни со случувања (на македонско ниво) амбиенти. Пред се, тоа се градовите: Битола, Штип, Струмица, Прилеп, Гевгелија, Охрид, Велес, Гостивар, Тетово и Куманово“.

Ликовната уметница Славица Јанешлиева својата прва самостојна изложба ја имала токму во Битола во 1996 година. Досега два пати самостојно се претставила во Струмица и еднаш во Гевгелија, а во повеќе градови учествувала на групни изложби. Започнатиот процес на децентрализација во културата го смета за неопходен, иако знае дека галериските простори не се наоѓаат на потребното ниво, бидејќи како што вели, се наследени од поранешните домови на културата.

Го издвојува Велес како град со добар, нов галериски простор, но смета дека состојбата во која се наоѓаат малкуте изложбени простори во земјава не е пресудна за презентација на творештвото. „Уметниците сакаат да изложуваат, да ги нудат своите дела на публиката. Неопходно е изложбите по Скопје да бидат отворани низ другите градови, бидејќи факт е дека понудата на ликовни настани е мала, а интерес од публиката има. Единствено Битола, но и Охрид летно време, имаат поголем број на изложби“.

Минатата година околу 10 илјади граѓани, според проценките на Дирекцијата за култура и уметност ги виделе изложбите „Македонски цртеж“ од колекцијата на Националната галерија на Македонија, „Скулптури” на Антонио Мазневски, „Изместени размери” на Јован Шумковски како и Германската колекција од Музејот на современата уметност. Иако најавена, изложбата „Македонска графика“ од збирката на Националната галерија на Македонија не беше презентирана, а „Македонски цртеж“ беше отворена во само два, од наведените градови.

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да“
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места